3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-2000/1 Општина Чешиново-Облешево
30.12.2016 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

---

Врз основа на член 2 точка 2 од Законот за комунални такси (Службен весник на Република Македонија бр. 61/2004, 64/2005, 92/2007, 123/2012, 154/2015 и 192/2015) а во согласност со член 3 став 1 точка 6 од истиот Закон и Тарифен број 6, Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.12.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За наплата на комунални такси за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните згради**

Член 1

За поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории се утврдува комунална такса годишно и тоа:

-за физички лица кои вршат дејност ......700,00 денари

-за правни лица од областа на производството, прометот и услугите.......1.300,00 денари.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево, а истата ќе се применува од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година.

Бр.08-1975/1 Совет на
30.12.2016 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

Врз основа на член 50, став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за наплата на комунални такси за користење на музика во јавните локали**

1.Ја прогласувам Одлуката за наплата на комунални такси за користење на музика во јавните локали, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.12.2016 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-2001/1 Општина Чешиново-Облешево
30.12.2016 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

Врз основа на член 2 точка 2 од Законот за комунални такси (Службен весник на Република Македонија бр. 61/2004, 64/2005, 92/2007, 123/2012, 154/2015, 192/2015 и 23/2016) а во согласност со член 3 став 1 точка 5 од истиот Закон и Тарифен број 5, Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.12.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За наплата на комунални такси за користење на музика во јавните локали**

Член 1

За користење на музика во јавните локали се утврдува комунална такса во износ од 3.300,00 денари (три илјади и триста денари) годишно.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево, а истата ќе се применува од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година.

Бр.08-1974/1 Совет на
30.12.2016 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

Врз основа на член 50, став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за утврдување на финансиска конструкција за купување на подароци за празникот Богојавление – Водици**

1.Ја прогласувам Одлуката за утврдување на финансиска конструкција за купување на подароци за празникот Богојавление – Водици, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.12.2016 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1999/1 Општина Чешиново-Облешево
30.12.2016 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.12.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За утврдување на финансиска конструкција за купување на подароци за празникот Богојавление – Водици**

Член 1

За купување на подароци за празникот Богојавление – Водици се предвидуваат средства во висина од 20.000,00 денари (дваесет илјади денари).

Средствата се предвидени во Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2017 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1973/1 Совет на
30.12.2016 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

Врз основа на член 50, став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Трајка Наумова од с.Облешево**

1.Ја прогласувам Одлуката за еднократна финансиска помош на Трајка Наумова од с.Облешево, што

Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.12.2016 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1987/1 Општина Чешиново-Облешево
30.12.2016 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015), и врз основа на Програмата за социјална заштита за 2016 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.14/2015), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.12.2016 година донесе:

## О Д Л У К А
## За еднократна финансиска помош на Трајка Наумова од с.Облешево

Член 1

На Трајка Наумова од с.Облешево со ЕМБГ 1108943498015, со постојано место на живеење во с.Облешево ул.Сремска бб, и се одобрува еднократна парична помош во висина од 3.000.00 денари (три илјади денари) како помош за лекување.

Член 2

Средствата да се уплатат на сметка 2400104608251 ТТК банка.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново- Облешево.

Бр.08-1961/1 Совет на
29.12.2016 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

Врз основа на член 50, став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
## за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Љупчо Николов од с.Чифлик

1.Ја прогласувам Одлуката за еднократна финансиска помош на Љупчо Николов од с.Чифлик, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.12.2016 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на

објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1988/1 Општина Чешиново-Облешево
30.12.2016 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015), и врз основа на Програмата за социјална заштита за 2016 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.14/2015), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.12.2016 година донесе:

## О Д Л У К А
## За еднократна финансиска помош на Љупчо Николов од с.Чифлик

Член 1

На Љупчо Николов од с.Чифлик со ЕМБГ 0202965493001, со постојано место на живеење во с.Чифлик ул.Маршал Тито бр.22, му се одобрува еднократна парична помош во висина од 1.500.00 денари (илјада и петстотини денари) како помош за лекување.

Член 2

Средствата да се уплатат на сметка 210501604339891 Тутунска банка.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново- Облешево.

Бр.08-1962/1 Совет на
29.12.2016 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

Врз основа на член 50, став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
## за прогласување и објавување на Одлуката за утврдување на критериуми за распределба на средствата од Блок дотацијата за основно образование за основните училишта во општина Чешиново-Облешево за 2017 година

1.Ја прогласувам Одлуката за утврдување на критериуми за распределба на средствата од Блок дотацијата за основно образование за основните училишта во општина Чешиново-Облешево за 2017 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.12.2016 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1996/1 Општина Чешиново-Облешево
30.12.2016 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02 и член 21 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Сл.гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.12.2016 година ја усвои следната:

**О Д Л У К А**
**За утврдување на критериуми за распределба на средствата од Блок дотацијата за основно образование за основните училишта во општина Чешиново-Облешево за 2017 година**

Член 1

Блок дотацијата од Буџетот на Република Македонија наменета за финансирање на основното образование се дели помеѓу 2 (двете) основни училишта во општина Чешиново-Облешево.

Член 2

Критериуми за распределба на блок дотацијата помеѓу основните училишта се: основната сума на блок дотацијата наменета за општината, потребните средства за бруто плати, бројот на ученици во училиштето и бројот на паралелки во училиштето.

Член 3

Средствата кои се добиваат по основ на Блок дотации од Буџетот на Република Македонија за двете основни училишта во општина Чешиново-Облешево, се распоредуваат на два дела и тоа:

А) Дел за бруто плати;
Б) Дел за материјални трошоци.

Член 4

Делот за бруто плати на вработените во училиштата се утврдуваат врз основа на бруто платата и планираниот број на вработени во училиштата во тековната година.

Член 5

Делот на средствата што се однесуваат за материјални трошоци се распоредуваат по следните критериуми:

- 80 % од вкупните средства се делат на еднакви делови помеѓу двете училишта, или 50:50%;

Останатите 20% се распределуваат според следната формула:

$$ОУ = 0,30 \times \frac{С}{УО} \times Уоу +$$

$$0,70 \times \frac{С}{ПО} \times Поу$$

ОУ – основно училиште
С – сума за распределба
УО – број на ученици во општината

Уоу – број на ученици во основното училиште

ПО – број на паралелки во општината

Поу – број на паралелки во основното училиште

Член 6

Непотрошените средства од блок дотацијата за 2016 година, кои ќе останат како салдо за наредната година, во 2017 година ќе се распределат согласно нереализираниот буџет на соодветното училиште за 2016 година.

Член 7

Одделението за финансии да изврши пресметка на износот на средства кои припаѓаат на соодветните училишта, согласно дефинираните критериуми, и да ги извести училиштата.

Член 8

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1960/1 Совет на
29.12.2016 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

Врз основа на член 50, став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за сопствено учество во реализација на проектот „Изградба на спомен обележје на местото на загинување на Никола Карев – Свиланово“**

1.Ја прогласувам Одлуката за сопствено учество во реализација на проектот „Изградба на спомен обележје на местото на загинување на Никола Карев – Свиланово“, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.12.2016 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1995/1 Општина Чешиново-Облешево
30.12.2016 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.12.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За сопствено учество во реализација на проектот „Изградба на спомен обележје на местото на загинување на Никола Карев – Свиланово“**

Член 1

Во реализација на проектот „Изградба на спомен обележје на местото на загинување на Никола Карев – Свиланово“ општина Чешиново-Облешево финансиски ќе учествува со 243.042,00 денари (двесте четириесет и три илјади, четириесет и два денари).

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1959/1 Совет на
29.12.2016 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за благајнички максимум за 2017 година**

1.Ја прогласувам Одлуката за благајнички максимум за 2017 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.12.2016 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1994/1 Општина Чешиново-Облешево
30.12.2016 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

Врз основа на соодветните одредби од Законот за Буџети, Законот за финансирање на единиците за локална самоуправа, Законот за основно образование, Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници, Законот за платен промет, Упатството за начинот на трезорско работење и Одлуката за извршување на буџетот на општина Чешиново – Облешево за 2016 година Советот на општина Чешиново - Облешево, на својат седница од 28. 12. 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за благајнички максимум за 2017 година**

Член 1

Максималниот износ на готови пари што може да се чува во благајната на општина Чешиново – Облешево (благајнички максимум) се определува на 10.000,00 денари.

Член 2

Со готовите пари од член 1 на оваа одлука можат да се плаќаат стоки и услуги кои, според својот карактер, не можат да се плаќаат безготовински.

Член 3

Сите исплати од благајната, во рамките на определениот благајнички мксимум, се вршат врз основа на веродостојни документи. За секоја поедичечна исплата се составува писмена потврдa (каса исплати) а податоците за извршената исплата се евидентираат во книга на благајната (благајнички извештај).

Во определени временски интервали, а најмалку еднаш месечно, благајникот врши салдирање на благајничката книга, утврдувајќи вкупна уплата во благајната, вкупна исплата од благајната и салдо на соодветен датум.

Примерок од така салдираната книга на благајната, заедно со пропратната документација (сметки, каса прими, каса исплати и други документи) благајникот предава во Одделението за урбанизам, финансии, администрирање на даноци, такси и ЛЕР во општината заради книжење.

Член 4

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавувањето во “Службен гласник” на општина Чешиново - Облешево, а ќе се применува од 1. Јануари 2017 година.

Бр.08-1950/1 Совет на
28.12.2016 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2017 година**

1.Ја прогласувам Одлуката за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2017 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.12.2016 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1990/1 Општина Чешиново-Облешево
30.12.2016 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на Р.М." бр.5/2002), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 61/2004 и 96/2004) и член 36 од Статутот на Општината *Чешиново - Облешево* ("Службен гласник на Општината *Чешиново - Облешево* бр. 6/15 ), Советот на Општината *Чешиново - Облешево* на седницата одржана на 28 . 12. 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на Општината Чешиново - Облешевоза 2017 година**

**Член 1**

Буџетот на Општината *Чешиново - Облешево* за 2017 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на Општината вообичаено се состои од три дела и тоа: Основен дел, Посебен дел и Дел на развојни потпрограми.

Финансиската структура на Буџетот ја сочинуваат: Основниот буџет; Буџетот на самофинансирачки активности, Буџетот на дотации, Буџетот на донации и Буџетот на кредити.

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да преземат нови обврски, буџетските корисници се должни да достават, до Советот на општината, предлог на нов извор на средства или намалување на другите расходи во сразмерен износ. Новите обврски ќе можат да ги преземаат дури откако Советот на општината ќе го усвои нивниот предлог.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи на основниот Буџет.

Во случај кога очекуваните приходи и другите приливи на основниот Буџет се реализираат на повисоко ниво од планот, Градоначалникот може да изврши дополнителни отплати на на главнина и камата на долг.

Доколку Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапуваат од планот, му предлага на Советот изменување и дополнување на Буџетот.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка, во рамките на потпрограма и буџет, не може да бидат намалени повеќе од 20%, а одобрените средства за плати и надоместоци на ниво на ставки, во рамките на буџет, не можат со прераспределба да се зголемат повеќе од 10%

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, а во согласност со соодветните прописи и тоа:

За избраните и именуваните лица (Градоначалникот) платата и другите надоместоци ќе се определуваат во согласност со одредбите на Законот за изменување на законот за платите и другите надоместоци на пратениците во Собранието на република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката и Уредбата за издатоците за службен пат и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци; нивните измени и дополнувања и сите други прописи кои базираат на нив.

За вработените кои имаат статус на административни службеници платите ќе се определуваат врз основа на Законот за административни службеници (Сл. весник 27/2014), сите негови измени и подзаконските и други акти кои базираат на овој закон. Вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници се утврдува секоја година со Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници, која ја донесува Советот на општината.

За вработените кои немаат статус на државен службеник (административно - техничкиот персонал) платите ќе се утврдуваат врз основа на Законот за исплата на плати, Законот за работни односи, Законот за минимална плата и Правилникот за исплата на плати на административно техничкиот персонал. Најниската плата за овие работници, утврдена во согласност со наведените прописи, се зголемува за соодветниот коефициент во зависност од квалификацијата и работното место, а на така добиениот износ се додава процент од 0,5% за секоја година навршен стаж.

## Член 10

Исплатата на плати во локалните јавни установи ја контролира и одобрува Министерството за финансии. Општината е должна, најдоцна два дена пред исплатата на плати, до надлежното министерство и Министерството за финансии да достави барање за одобрување на средства за плати, кон кое ќе ги приложи: образец Ф - 1 за бројот на вработените по име и презиме, плата како и други податоци во пишана и електронска верзија за односниот месец за кој се однесува исплатата, образец 6 и друга документација по барање на надлежните министерства.

## Член 11

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот на општината на советниците им се исплатува врз основа на донесена одлука од Советот на општината, која базира на Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката.

## Член 12

Исплатата на дневници за службени патувања и други трошоци кои произлегуваат од службени патувања во земјата и странство, и исплатата на регрес за годишен одмор ќе се врши во согласност со актуелната законската регулатива за оваа област.

## Член 13

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата.

## Член 14

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се врши преку плаќање на стоки и услуги кои се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки,

почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од 6.000 денари месечно, каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 15**

За средствата утврдени во Буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на Општината а ги извршува Градоначалникот. За искористените средства од резервите Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај.

**Член 16**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

**Член 17**

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на општината. За обезбедените средства Градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Агенцијата за државни службеници на актите за систематизација.

**Член 18**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 19**

Буџетот на Општината Чешиново - Облешево се извршува од 01.01.2017 до 31.12.2017 година.

**Член 20**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината *Чешиново - Облешево*", а ќе се применува од 01 Јануари 2017 година.

Бр.08-1948/1 Совет на
28.12.2016 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Буџетскиот календар за 2017 година**

1.Го прогласувам Буџетскиот календар за 2017 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево го донесе на седницата одржана на ден 28.12.2016 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1992/1 Општина Чешиново-Облешево
30.12.2016 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

---

Врз основа на член 21, став 1, точка 44 од статутот на општина Чешиново - Облешево (Службен гласник на општина Чешиново - Облешево), Советот на општина Чешиново – Облешево, на седницата одржана на ден 28.12. 2016 година, го донесе следниов:

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА 2017 ГОДИНА**

(Активности поврзани со припремата и донесувањето на Буџетот на општина Чешиново - Облешево за 2018 година)

| **МОЖЕН РОК** | **БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ** | **ОДГОВОРНОСТ** |
|---|---|---|
| 1 Септември | Се прибираат податоци и информации. Се доставуваат главните насоки за изработка на финансиските планови до буџетските корисници | - Градоначалникот<br>- Финансиската служба |
| 15 Септември | Изработка на буџетски информации за минатата и тековната година и усогласување на истите со препораките на Градоначалникот | Финансиската служба |
| 1 Октомври | Проценките за трошоците се доставуваат до финансиската служба на Општината | - Одговорните лица<br>- Буџетските корисници |
| 10 Октомври | Анализа на прибраните податоци, изработка на предлог - програма на приходи и предлог - трошковен план и достава на истите до Градоначалникот | Финансиската служба |
| 15 Октомври | Разгледување на добиените предлог - програма на приходи и предлог - трошковен план и одобрување на нацрт - буџетот | Градоначалникот |
| 15 Ноември | Нацрт - буџетот се дава на јавна расправа и се доставува до Советот на Општината | - Градоначалникот<br>- Финансиската служба |
| 1 Декември | Се доставува Предлог - буџет | Градоначалникот |
| 10 Декември | Се води расправа по телата на Советот | Советниците |
| Декември (најдоцна до 31) | Седница на Советот на која се донесува Буџетот | Советниците |
| 1 Јануари | Започнува новата буџетска година | - Градоначалникот |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Финансиската служба<br>- Одговорните лица |

Бр.08-1865/1 Совет на
01.12.2016 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за утврдување на бодот за пресметување на платите на државните службеници во општина Чешиново-Облешево за 2017 година**

1.Ја прогласувам Одлуката за утврдување на бодот за пресметување на платите на државните службеници во општина Чешиново-Облешево за 2017 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.12.2016 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-193/1 Општина Чешиново-Облешево
30.12.2016 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2014, 48/2015 и 154/2015), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.12.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За утврдување на бодот за пресметување на платите на државните службеници во општина Чешиново-Облешево за 2016 година**

Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во општина Чешиново-Облешево со статус државни службеници, а во согласност со Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2017 година донесена од Владата на Република Македонија, изнесува 76,8 денари.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување а истата ќе се применува почнувајќи со пресметувањето на платата за месец јануари 2017 година.

Одлуката ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1865/1 Совет на
01.12.2016 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

ИЗДАВА:ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Програмата за изработка на Урбанистички Планови , Урбанистичко – Планска документација, и урбанистичко проектна документација за 2017 година на подрачјето на општина Чешиново-Облешево**

1.Ја прогласувам Програмата за изработка на Урбанистички Планови , Урбанистичко – Планска документација, и урбанистичко проектна документација за 2017 година на подрачјето на општина Чешиново-Облешево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.12.2016 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-2016/1 Општина Чешиново-Облешево
30.12.2016 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

---

Врз основа на член 20 став 1, од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.199/2014,44/2015 , 193/2015,31/2016 и 163/2016), и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на општина Чешиново-Облешево ("Сл.гласник на општина Чешиново-Облешево" бр.06/2015), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден: 29.12.2016 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**за изработка на Урбанистички Планови , Урбанистичко – Планска документација, и урбанистичко проектна документација за 2017 год.на подрачјето на општина Чешиново-Облешево**

# I. ВОВЕД

Урбанистичкото планирање е континуиран процес со кој се врши уредување и хуманизација на просторот, заштита и унапредување на животната средина и природата, како и зголемување на вредноста на земјиштето.

Во процесот на децентрализацијата, економскиот развој на општината зазема значајно место во надлежностите на локалната самоуправа.

Имајки во предвид дека општина Чешиново-Облешево е рурална општина потребно е во идниот период да се преземат мерки и насоки за економски развој на истата.

Како приоритет овде би произлегла потребата од развој на малото стопанство и лесната индустрија.

Поради ова, постојаните иницијативи од правни и физички лица и согледувањата на потребите на општината од урбаното

планирање, а со цел да се овозможи изградба на индивидуални градби и стопански комплекси, согласно законските регулативи се изработи годишна програма за изработка на урбанистички планови, (за село), урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2017 година на подрачјето на општина Чешиново-Облешево.

За секоја конкретна изработка или измена и дополнување на Урбанистичките планови предвидени во Програмата ќе бидат донесени поединични Одлуки во кои ќе бидат детално опишани податоците и условите под кои ќе се спроведе изработката, односно измените и дополнувањата на УП.

## II. АКТИВНОСТИ

### Убанистички план за село

За селата на подрачјето на Општина Чешиново-Облешево за кои нема изработено урбанистички планови, потребно е да се изработат урбанистички планови за село согласно член 12 од Законот за просторно и урбанистичко планирање(Сл.Весник на РМ бр.199/14).

Во општина Чешиново-Облешево за 2017год. предвидена е изработка на УП за село за следните населени места:

Изработка на Урбанистички план за село:

| | | |
|---|---|---|
| **Урбанистички план за село** | | |
| | | |
| 1 | Урбанистички план за село Теранци | буџет на општина |
| 2 | Урбанистички план за село Кучичино | буџет на општина |
| 3 | Урбанистички план за село Бурилчево | буџет на општина |
| 4 | Урбанистички план за село Уларци | буџет на општина |
| 5 | Урбанистички план за село Жиганци | буџет на општина |
| 6. | Урбанистички план за село Лепопелци | буџет на општина |
| 7. | Урбанистички план за село Новоселани | буџет на општина |
| 8. | Урбанистички план за село Соколарци | буџет на општина |
| 9. | Урбанистички план за село Бања | Буџет на општина |
| 10. | | Буџет на општина |
| **ЛУПД Локална урбанистичка планска документација во тек** | | |
| ЛУПД за пречистител на станица на фекална канализација за с.Чифлик | | Буџет на општина |

| | |
|---|---|
| ЛУПД за пречистител на станица на фекална канализациј а за с.Кучичино | Буџет на општина |
| | |
| | **ЛУПД Локална урбанистичка планска документација** |
| | |
| ЛУПД за пречистител на станица на фекална канализациј а за с.Теранци | Буџет на општина |
| ЛУПД за пречистител на станица на фекална канализациј а за с.Соколарци | Буџет на општина |
| ЛУПД за пречистител на станица на фекална канализациј а за с.Спанчево. | Буџет на општина |
| ЛУПД за пречистител на станица на фекална канализациј а за с.Облешево | Буџет на општина |
| ЛУПД за пречистител на станица на фекална канализациј а за с.Жиганци | Буџет на општина |
| ЛУПД за пречистител на станица на фекална канализациј а за с.Бања | Буџет на општина |
| ЛУПД на КП бр.3228 и КП 3229 за локалитет | Буџет на општина |
| м.в. „Турски Гробишта“ за „Бањолошки рекреативен Центар со третман за рехабилитација и реанимација“ КО Бања. | |

**Планови во постапка**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | УП за с. Облешево | донација |
| 2 | УП за с.Чифлик | донација |
| 3 | УП с. Чешиново | донација |
| 4 | УП за с.Спанчево | донација |
| 5 | УПС за с. Чешиново - за одредени блокови | самофинансирање |
| 6 | УПС за с. Облшево –за одредени блокови | самофинансирање |
| 7 | УПС за с. Чифлик –за одредени блокови | самофинансирање |
| 9. | УПС за с. Спанчево –за одредени блокови | самофинансирање |

**Убанистички план вон населено место**

Со Програмата се предвидува изработка на урбанистички планови вон населено место по потреба за плански опфат, за подрачјето на општина Чешиново-Облешево кои не се опфатени со урбанистички планови, на локалитети од интерес за општината и локалитети на кои ке можат да бидат реализирани барања на заинтересирани физички и правни лица, прифатливи за општината.

Со овој план се уредува намената и начинот на користење на просторот , како и условите за градење на комплекси и градби вон населени места.

**Убанистички план вон населено место**

Урбанистички план вон населено место во м.в.„Курија"КО Сококларци

Урбанистички план вон населено место во м.в.„Дрма"КО Сококларци

Урбанистички план вон населено место во м.в.„Шопка"КО Сококларци

Урбанистички план за вон населено место м.в„ Прстен" КО Чифлик

Урбанистички план вон населено место во м.в„Горица"КО Соколарци

Урбанистички план вон населено место во м.в„Курилово" КО Сколарци

Урбанистички план вон населено место во м.в„ Стара Река"КО Облешево

За КП 1354/1, П=66.167м2

**Урбанистички план вон населено место во м.в„ Стара Река"КО Чифлик**

За КП 1419 , П=65.000 м2

За КП 1419/1, П=69.310м2

За КП1419/3 ,П=1.414м2

За КП 1419/7, П=230 м2

**КО Врбица**

-КП 888 мв Голем Голак

**КО Соколарци**

-КП37 м.вГолак

-КП3 мв Мали Вршац

**КО Спанчево вон град**

КП117 мв Варварицал

КП282 мв Боговиште

**КО Бања**

КП1 м.в Грбава Чука

КП9 м.в Шугова Скала

**Локална урбанистичка планска документација**

Со локална урбанистичка планска документација може да се врши уредување на просторот со определување на градежна парцела вон плански опфат за градби од втора категорија согласно Законот за градење, освен за градби со намена домување.

Секоја иницијатива за изработка на Локална урбанистичка планска документација ,поднесена од заинтересирани правни и физички лица, ќе биде разгледана, а прифатените предлози ке се вградат во програмата за изработка на урбанистички планови.

**Урбанистичкото – проектна документација**

Со урбанистичко проектна документација се предвидува изработка на архитектонско – урбанистички проекти од членот 51, и

проекти за инфраструктура од членот 52 од Законот за просторно и урбанистичко планирање на територијата на општина Чешиново-Облешево.

**II** Програмата за изработка на урбанистички планови се финансира од буџетот на Општина Чешиново-Облешево и од заинтересирани правни и физички лица , чиј што програмски барања и подрачје на интерес се прифатливи за општината согласно член 20 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.199/2014,44/2015 , 193/2015,31/2016 и 163/2016),Реализацијата на плановите од Програмата ќе зависи од обезбедените финансиски средства од страна на општината и од заинтересираните правни и физички лица.

Средствата за изработка на урбанистички планови за 2017 год. Изнесуваат 3.000.000,оо денари.

Програмата може да се дополнува согласно планираните активности и настанатите потреби , како и позитивно одговорените барања на заинтересирани лица.

**III** Програмата влегува во сила осмиот ден од обајвувањето во „Службен гласник на Општина Чешиново-Облешево, а ќе се применува од 01.01.2017 год.

Бр.08-2011/1 Совет на
30.12.2016 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за издавање на Согласност за продолжување на постапката за издавање на Решение за утврдување на правен статус на помошна зграда ПР – зграда 1 (КП 6145 КО Соколарци)**

1.Ја прогласувам Одлуката за издавање на Согласност за продолжување на постапката за издавање на Решение за утврдување на правен статус на помошна зграда ПР – зграда 1 (КП 6145 КО Соколарци), што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.12.2016 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-2014/1 Општина Чешиново-Облешево
30.12.2016 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

---

Врз основа на член 11 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија бр.23/2011, 54/2011, 155/2012, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 199/2014, 124/2015,

129/2015, 217/2015, 31/2016) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.3/2005) а во согласност со Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (Службен весник на Република Македонија бр. 56/2011), Советот на општина Чешиново-Облешево на ден 28.12.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За издавање на Согласност за продолжување на постапката за издавање на Решение за утврдување на правен статус на помошна зграда ПР – зграда 1 (КП 6145 КО Соколарци)**

Член 1

Се издава Согласност за продолжување на постапката за издавање на Решение за утврдување на правен статус на бесправен објект – Помошна зграда ПР – зграда 1 на КП бр.6145, евидентиран во Имотен Лист бр.594 КО Соколарци на име на Стојче Митев од с.Соколарци, прикажан во Геодетски елаборат за посебни намени за бесправно изградени објекти и деловни објекти за КО Соколарци бр.0103-197/2 од 10.05.2016 година изработен од Друштво за премер на земјиште, проектирање и други геодетски работи Геомер Гис Кочани.

Во идната планска документација на општина Чешиново-Облешево ќе се изврши усогласување на земјиштето и бесправниот објект од став 1 на овој член ќе биде вклопен во идната Урбанистичка планска документација за село Соколарци.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-2013/1 Совет на
30.12.2016 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Чешиново-Облешево за 2017 година**

1.Ја прогласувам Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Чешиново-Облешево за 2017 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.12.2016 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на

објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-2015/1 Општина Чешиново-Облешево
30.12.2016 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

Врз основа на член 95 точка 1 и 4 од Законот за градежно земјиште (Службен весник на Република Македонија бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 193/16) член 36 став 1 точка1 од Законот за локална самоуправа(Сл. весник на РМ бр 5/2002) и член 21 став1 точка 8 од Статутот на општина Чешиново Облешево (Сл. гласник на општина Чешиново Облешево бр 6/2015), Градоначалникот на Општина Чешиново Облешево му предлага на Советот да ја донесе следната :

## П Р О Г Р А М А
## за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Чешиново - Облешево за 2017година

Оваа програма преставува континуитет на превземените активности за уредување на градежното земјиште од претходните години и се базира на досегашното искуство во спроведување на урбанистичките планови и потребите за планско уредување на просторот на територијата на општина Чешиново Облешево.

**Со оваа Програма се уредува:**

I.Просторот кој е предмет на уредување;

II.Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;

III.Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната и секундарната инфрастуктура;

IV.Изворите за финансирањена Програмата;

V .Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште;

VI.Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште и неговата распределба;

VII.Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одражување на инфраструктурата;

VIII.Средства наменети за изработка на урбанистички планови и средства за изработка на документација за изградба на инфрастуктурни објекти;

IX.Динамика на извршување на Програмата;

X. Преодни завршни одредби;

### I. ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување се смета градежното изградено и неизградено земјиште на подрачјето на Општина Чешиново-Облешево кое е опфатено со Урбанистички план , урбанистичко планска документација и урбанистичко проектна документација.

### II.ОБЕМ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште се подразбира:

II-1. Подготвителни работи и

II-2. Расчистување на градежното земјиште.

## II-1. ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ

Под подготвителни работи се подразбира:

- Оформување на геодетска документација.
- Извршување на основни геомеханички испитувања за градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура.

## II-2. РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Расчистувањето на градежното земјиште на градежните парцели е со цел да се изврши опремување на градежната парцела со објекти од комуналната инфраструктура.

Под расчистување на градежно земјиште на градежната парцела се смета:

- Решавање на имотно правните односи.
- Решавање на станбените прашања на сопствениците кои живеат или вршат дејност како физичко лице во објектите што се уриваат.
- Уривање на постојните градежни и други објекти на градежното земјиште (градежна парцела) и селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата, уривање на објектите со транспорт на материјалот од уривањето до депонија.

## III. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под обем на опремување на градежното земјиште се подразбира изградба на објекти на инфраструктурата, заради непречен пристап до градежната парцела од јавен пат поставување: водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), нисконапонска електрична, ПТТ и друга мрежа со приклучоци до градежната парцела.

Опремувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно, во минатиот период или во моментот кога се уредува.

Под степен на опремување на градежното земјиште се подразбира степенот на опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште може да биде основен, повисок или
понизок од основниот.

### III-1 Основен степен на уреденост претставува пременост со :

- изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, пешачки патеки и други површини согласно урбанистички планови;
- подземна електрична мрежа;
-улично осветлување
- водоводна мрежа

- фекална канализација
-атмосферска канализација

**III-2 Повисок степен на уреденост со кумонална инфраструктура ги опфаќа покрај основните и** :

- ПТТ (оптичка – телекомуникациона ) мрежа;
-топлификациона мрежа
-паркинг простори
-гасоводна мрежа
-и пречистителна станица за отпадни води

**IV-3 Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа :**

-непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат,
-сопствено водоснабдување(нема приклучок за водоводна мрежа)
-септичка јама(нема прикучок на фекална канализација)
-сопствен одвод на атмосферски води(нема приклучок на атмосферска канализација)
-Нестандардно улично осветлување
-Надземна нестандарна електрична мрежа

Трошоците за уредување на градежното земјиште се утврдуваат во согласност со реалните трошоци направени за соодветните степени на уреденост на градежното земјиште со објектите на комуналната инфраструктура во кои се засметани и трошоците за хидротехничките услови за приклучоци.

Трошоците за уредување на градежното земјиште за понизок степен на градежното земјиште со објектите на комуналната инфраструктура може да се намалат доколку се изведени сите комунални ифраструктурни мрежи од основниот степен на уреденост на градежното земјиште за најмалку 80% од утврдените трошоци за основен степен на уреденост на градежното земјипте со објектите на комуналната инфраструктура.

**V - 1 Опремување со објекти од комунална инфраструктура во границите на градежната парцела:**

- Уредувањето на градежното земјиште во границите на градежната парцела со комунална и сообраќајна инфраструктура и партерно уредување го врши корисникот на земјиштето(инвеститор).
- Проектирањето и изградбата на инфраструктурната мрежа за висок напон, друга инсталација и објекти, трафостаници или учеството во нив, корисникот на земјиштето го регулира согласно енергетската согласност издадена од Електростопанство ЕВН.
- Доколку изградените објекти од комуналната инфраструктура остануваат во границите на градежната парцела на корисникот и под објектите што ќе ги гради, корисникот на земјиштето мора да побара писмена согласност од надлежниот општински орган, кој дава согласност по мислење од соодветното комунално претпријатие.

Трошоците за заштита на тие објекти ги сноси корисникот на земјиштето.

Трошоците за расчистување на градежното земјиште и геомеханичките испитувања ги сноси корисникот на земјиштето.

**IV. ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА и V. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

| | | |
|---|---|---|
| | Програма за урбано планирање, Општина Чешиново-Облешево во 2017година. | |
| | ПРИХОДИ | |
| 1. | **Средства од продажба на градежно земјиште** | 16.800.000,00 |
| 2. | **Средства од надоместок за уредување на градежно земјиште од корисници на земјиште за изградба на објекти** | 200.000,00 |
| | Вкупно: | 17.000.000,00 |
| | РАСХОДИ | |
| 1. | **Уредување на градежно земјиште** | 1.000.000,00 |
| | -Експропријација на градежно земјиште | |
| | -Надзор на изведбата на градежни објекти | |
| | -Геодетски услуги (протоколи, нумерички и ажурирани пологи) | |
| | -Геомеханички испитувања | |
| 2. | **Уредување на простор во рурални подрачја** | 800.000,00 |
| 3. | **Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)** | 3.000 000,00 |
| | -Изработка на проектна документација за инфраструктура Изработка на улици во дел од Урбан блок 4(мало стопанство – помегу улица М.Тито ,крак на улица Јоаким Крчовски , Јоаким Крчовски и ново проектирана улица бр „1“ -околчување обележување на улица со изработка на долен строј на патот кој се состои од следниве улици: 1.Крак на улица Јоаким Крчовски со должина од околу Л=130м 2.Улица бр „1“ со должина од околуЛ= 230 метри | |

| | | |
|---|---|---|
| | 3.Улица бр „2“ со должина од околу Л=350м<br>4.Улица бр„3“ со должина од околу Л=110м<br>Сите се со ширина 10м | |
| 4. | **Изградба на системи за водоснабдување** | 150.000.000,00 |
| | -Изградба на водоснабдителен систем во с.Облешево,с.Чифлик, с. Чешиново и с.Улрци | |
| 5. | **Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води** | 140.000.000,00 |
| | -Изградба на фекални канализации на територија на општина за с.Спанчево, с.Соколарци , с.Бање,с.Уларци и с. Теранци с.Бурилчево | |
| 6. | **Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** | 21.000.000,00 |
| | -Асфалтирање на улица ул.„Стамен Јакимов“ и Кемал Билалов и ул.„Богатин Вучков с.Теранци, ул.„Брегалничка“ и Сремска“ | |

| | | |
|---|---|---|
| | .с.Бање, крак на ул„Маршал Тито“ с.Соколарци ул Христијан Тодоровски Карпош и Маршал Тито с.Чешиново и ул„Маршал Тито с.Чифлик „Страшо Ербапче“с.Спанчево ул„Гичо Стојчев“с.Кучичино и ул“Гиго Крстев“ Бурилчевокрак на ,ул, Брака Ставреви и крак на ул Едвард Кардељ (Асном) и крак на ул.1Ви Мај | |
| | -Тампонирање на пат | |
| | -Реконструкција на улица | |
| 7. | **Паркови и зеленила** | 15.000.000,00 |
| | -Уредување на простори пред згради и реконструкција на зелени површини | |
| | -Подигнување и реконструкција на нови зелени површини | |
| 8. | **Други комунални услуги** | 50.000,00 |
| | -Рушење на бесправно изградени објекти | |
| | -Рушење на стари објекти склони на паѓање | |
| | | |
| | | 204.850.000, |

| | | |
|---|---|---|
| | Вкупно: | 00 |
| | | |

**VI. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА РАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА**

Наплатата на надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се пресметува по зони и тоа по населени места:

**I. Зона-Чешиново,Облешево и Чифлик**
**II.Зона-Соколарци, Спанчево, Бања, Теранци, Уларци и Кучичино**
**III.Зона-Бурилчево, Жиганци, Новоселани, Лепопелци и Врбица**

**I. Зона II. Зона III.Зона**

**Геодетска работа**
30ден/м2 25ден/м2 17,5ден/м2
**Проектирање** 50ден/м2 40ден/м2
30ден/м2
**Пробивање на ул.со механ**
80ден/м2 60ден/м2
32,5ден/м2
**Изградба на ел. Мрежа**
150ден/м2 100ден/м2
75ден/м2

**ВКУПНО: 310ден/м2 225ден/м2**
**155ден/м2**

**-Висина на надоместок на локации во сопственост на граганите:**

**А)Индивидуални станбени згради**

I. Зона 6 Евра x 61=366ден/м2
II. Зона 5 Евра x 61=305ден/м2
III.Зона 4 Евра x 61=244дем/м2

**Б)Деловен простор и индивидуални дуќани**

I. Зона 16 Евра x 61=976ден/м2
II. Зона 8 Евра x 61=488ден/м2
III.Зона 6 Евра x 61=366дем/м2

**В)Индустриски и производни објекти**

I. Зона 5 Евра x 61=305ден/м2
II. Зона 3 Евра x 61=183ден/м2
III.Зона 1 Евра x 61= 61дем/м2

**Г)Селско стопански објекти**

I. Зона 1.0 Евра x 61=61,0ден/м2
II. Зона 0.5 Евра x 61=31,0ден/м2
III.Зона 0.25 Евра x 61=15,0дем/м2

**Д)Административни објекти**

I. Зона 3 Евра x 61=183ден/м2
II. Зона 2 Евра x 61=122ден/м2
III.Зона 1 Евра x 61=61дем/м2

**Ѓ)Времени објекти**

I. Зона 20 денари од м2-месечно
II. Зона 15 денари од м2-месечно
III.Зона 10 денари од м2-месечно

За уредување градежно земјиште надвор од опфатот на населените места во Општина Чешиново - Облешево ке се наплаќа надоместокот за уредување како во населеното место во која катастерска општина се наоѓаат објектите.

**-Начин на пресметување на Нето Корисна Површина (НКП)**

Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште , во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува по метар квадратен на новата корисна поврашина што ке се гради ,што претставува збир на нето поврашините на падовите на сите простории во објектот согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект помножен со следниве коефициенти:

**1.Станбени објекти**

-станбени простори, 1,0
-станбени простории со висина до 2.50м поткровен простор 0,2
-лоѓија затворена од три страни 0,4
-подлоѓија затворена од две страни 0,3
-балкони, тераси 0,2
-заеднички проодни тераси,пасажи 0,2
-помошни простории,остава за гориво котлара, визба 0,3
-трафостаница до 35KW во објектот и надвор од објектот 0,3
-складишен простор и заеднички комуникации 0,3
-стражарници, управител, простории за одмор 0,5
-паркиралишта и гаражи 0,1

**2.Деловни ,јавни и производни објекти**

**-**простории 1,0
-магацини 0,5
-помошни простории,остава за гориво,котлара 0,3
-трафостаница до 35 Кв во објект и надвор од објектот 0,4
-складишен простор и заеднички комуникации 0,5
-паркиралишта и гаражи 0,1
-лоѓија затворена од три страни 0,5
-подлоѓија затворена од две страни 0,4
-балкони,тераси 0,3
-отворен наткриен простор 0,3

**3.Други објекти**
-катна гаража 0,05
-спортски покриени објекти 0,5
-спортски откриени објекти 0,3
-гасни станици и Базни станици за 50% од поврашина на локација 1,0
-отворени пазаришта за 30% од поврашината на локција 1,0
-базени 0,2
-трафостаница над 35 Кв 1,0

**4.За објектите од група на клси на намена Г-производство, дистрибуција и сервиси:**

-Г1 тешка и загадувачка индустрија 0,05
-Г2 лесна и незагадувачка индустрија 0,05
-Г3 сервиси 0,05
-Г4стовареиште 0,05

**5.За бензнска пумпна станица и нејзини придружни содржини(продавници,кафетерии и ресторани,авто сервиси, авто салони, помошни простории)**

-продажни простории на бензинските пумпни станици 1,0
-услужни простории на бензинските пумпни станици 1,0

**6.За објектите од групата на класа на намени Б 5-угостителски и туристички комплеси,хотелски комплеси и одмаралишта, и за објекти од група на класи на намени А 4-хотел, мотел, планинарски дом и ловен дом:**
-сите простории 0,05

**7. За детски градинки , пензионерски домови и домови за стари лица**
-сите простории 0,05

**8.За објекти за високо образование**
- сите простории 0,5

**9.За објекти за култура**
- сите простории 0,01

**10.За објектите за терцијална здраствена заштита:**
-сите простории 0,05

Во новата корисна површина што ке се гради согласно заверена проектна документација не се пресметуваат поврашините на:

-инсталационите канали
-окната на лифтови
-окна на врати
-отворени паркиралишта
-подземни резервоари
-објекти заштитени како културно наследство

За објектите од групата на класа на намена Б5- со височина над 32 ката , висината на трошоците за уредување на градежното земјиште се пресметуваа на 27% од вкупно пресметаната површина
За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина.

За објекти од класи на намени Г-производство, дистрибуција и сервиси висината на трошоците за уредувсање на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната плата во Република Македонија за последната година, помножена со коефициентите .

За линиски инфраструктурни објекти –државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и до 35KW како и за брани со акомулации, термоцентрали , езерски и речни пристаништа и за доградби и надградби на објекти за кои е донесена одлука од страна на советот на општината , согласно член 67-а од Законот за градење , а инвеститор е општината не се утврдува трошоци за уредување на градежно земјиште.

Доколку со изградбата на објекти е предвидено отстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на истата градежна парцела, при пресметувањето на висината на трошоците за уредување на градежното земјиште , од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист на постоечките објекти кои ке се отстранат со изградбата на на новите објекти.

Површинате на потпокривен простор, лоѓија, подлоѓија , балкони, тераси, заеднички проодни тераси, пасажи, помошни простории, визба , скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоеките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со иста намена со намената на површините на навеЗдените простории и делови на објектот.

**Подрум-**претставува ниво на објектот кој е целосновкопан во земјата или цоклето на приземјето е од 1м над теренот, а кај закосените терени до 65 см страничните површини да се вкопани.
**Приземје**-претставува ниво на објектот над подрумот или котата на подот да е на висина од о-1м над теренот доколку нема подрум.
**Спрат**- ниво на објектот над приземјето

**Поткровје**-ниво на објектот над последниот кат кој е делумно или во целост изграден внатре во кровната конструкција и е наменет за становање илидруга намена чија најголема чиста висина на наѕидокот на краевите е до 1,5м, а на средината од дел до 2,50м.За овие поткровја се врши наплата за надоместок 20%.За поткровја со повисоки надѕидоци на краевите над 1,5м се пресметува надоместок измегу поткровје и кат.

Во корисна побрашина не се пресметува поврашина на ѕидови идруги конструктивни елементи,инсталациони канали,окна за лифтови, скали тремови, ниши на врати и настрешници, базени, отворени тераси, паркиралишта и отворени спортски игралишта.Пресметаната вкупна НКПсе намалува за (1-3%) за малтер на ѕидовите.

Доколку инвиститорот учествува во финансирањето на изработка на дел од УП, дел од средтвата дадени за финансирање УП ке му се прифатат во надоместокот за уредување на градежно земјиште, но не повеке од 50% од висината на вредноста.

Уредување на градежното земјиште е изградба на објекти на комуналната инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), електрична, ПТТ и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Планирање, проектирање и изведување на инфраструктурата со која се уредува градежното земјиште се врши според урбанистичките планови ( Урбанистички планови за село ,Урбанистички планови вон населено место и техничко урбанистичка документација).

За уредување на градежното земјиште инвеститорот плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште.

За висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се склучува Договор за регулирање на надоместок за уредување на градежното земјиште во писмена форма, директно помеѓу корисникот на земјиштето од една страна и Општината од друга страна, по доставена заверена проектна документација и извод од урбанистички план и согласности.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште се пресметува и ќе се наплатува од инвеститорите како за целосно уредено градежно земјиште, а целосното уредување на градежното земјиште општината ќе го изврши по исполнување на правните и техничките услови за тоа и обезбедување на материјални средства, односно по изготвување на проектната документација за инфраструктурните објекти, изготвување и реализација на геодетски елаборати за експропријација, како и наплата на поголем дел од средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште од делот односно Урбаниот блок кој е предмет

на уредување, а по претходно планирање на инфраструктурните објекти со годишната програма за уредување на градежното земјиште.

Во надоместокот за уредување на градежното земјиште, односно во објектите на комуналната инфраструктура кои треба да ги изгради општината, не е земено предвид обезбедување на електрична енергија од дистрибутивната мрежа, односно изградба на електрична мрежа, што треба да го обезбеди дистрибутерот на електрична енергија, и изведба на ПТТ мрежи што е обврска на операторите на телекомунакационите услуги, со што општината нема обврска да гради електрична и ПТТ мрежа. Во надоместокот за уредување на градежното земјиште не се земени предвид и приклучните такси за инфраструктурните објекти (такса за приклучок на електричната мрежа и добивање на електроенергетска согласност, такси за приклучок на водоводната и канализационата мрежа и др.), кои се обврска на инвеститорите. Начинот, условите и висината на таксата, односно правата и обврските за приклучување на инфраструктурните објекти инвеститорите ги договараат со субјектите кои стопанисуваат со истите.

Средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште се приход на општината кој се користи исклучиво наменски за уредување на градежното земјиште.

**VII.НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА**

За висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се склучува Договор за регулирање на надоместок за уредување на градежното земјиште во писмена форма, директно помеѓу корисникот на земјиштето од една страна и Општината од друга страна, по доставена заверена проектна документација и извод од урбанистички план и согласности.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се наплатува и по принцип на одложено плаќање, на еднакви месечни рати.

**При наплатување на надоместокот за уредување на градежното земјиште во случај на легализација (каде има донесено УПС) на веќе изградени објекти плаќањето ќе се врши на 12 (дванаесет) еднакви месечни рати, без оглед на висината на надоместокот.**

**Во поглед на одложено плаќање, присилна наплата, каматата и застареноста на обврската за плаќање ќе се користи клаузулата од Договорот помеѓу Инвеститорот и Органот на Општината надлежен за уредување на градежно земјиште**

**VIII. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И СРЕДСТВА ЗА ИЗРАБОТКА НА**

**ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ**

Општината ја финансира изработката на УП за село,УП вон населено место и изработка на техничка документација за инфраструктурни објекти.

Во изработката на претходно наведената документација може да се вклучат и заинтересирани правни и физички лица според важечката законска регулатива.

**IX. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршувањето ќе зависи од остворените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите средства.

Опремувањето на земјиштето се врши по добивање на Одобрение за градење на објекти од комуналната инфраструктура.

**X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

1. За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Чешиново - Облешево.

2. Градоначалникот на општина Чешиново - Облешево е должен за прераспоредувањето на средствата на работите од една во друга позиција во износ до 5 % да го информира Советот на општина Чешиново - Облешево, а за поголемо прераспоредување на средства одлука мора да донесе Советот на општина Чешиново - Облешево.

3. Оваа Програмата влегува во сила, наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Чешиново - Облешево.

Бр.08-2012/1 Совет на
30.12.2016 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Проекциите на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2018 и 2019 година**

1.Ги прогласувам Проекциите на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2018 и 2019 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ги донесе на седницата одржана на ден 28.12.2016 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1989/1 Општина Чешиново-Облешево
30.12.2016 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на

Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2017 година**

1.Го прогласувам Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2017 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево го донесе на седницата одржана на ден 28.12.2016 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1991/1 Општина Чешиново-Облешево
30.12.2016 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

СОДРЖИНА Стр.

1.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за извршени работи за одржување на јавното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец Ноември 2016 година............1

2.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Информацијата за извршени работи за одржување на јавното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец Ноември 2016 година............1

3.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за остварени бруто приходи од работа на пазарот за месец Ноември 2016 година.........................................2

4.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Информацијата за остварени бруто приходи од работа на пазарот за месец Ноември 2016 година............2

5.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за работа на Советот на општина Чешиново-Облешево за 2017 година...............2

6.ПРОГРАМА за работа на Советот на општина Чешиново-Облешево за 2017 година...............3

7.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици на територија на општина Чешиново-Облешево за 2017 година.........................................9

8.ПРОГРАМА за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици на територија на општина Чешиново-Облешево за 2017 година...............9

9.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за јавно осветлување на општина Чешиново-Облешево за 2017 година.............11

10.ПРОГРАМА за јавно осветлување на општина Чешиново-Облешево за 2017 година.............11

11.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за наплата на комунални такси за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли......................13

12.ОДЛУКА за наплата на комунални такси за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли......................13

13.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за наплата на даноците на територија на општина Чешиново-Облешево за 2016 година........................................14

14.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Информацијата за наплата на даноците на територија на општина Чешиново-Облешево за 2016 година........................................14

15.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за висина на стапките за наплата на Данок на промет на недвижности..................15

16.ОДЛУКА за висина на стапките за наплата на Данок на промет на недвижности..................15

17.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за висина на стапките за наплата на Данок на наследство и подарок...................15

18.ОДЛУКА за висина на стапките за наплата на Данок на наследство и подарок...................16

19.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за висина на стапките за наплата на Данок на имот...........................................16

20.ОДЛУКА за висина на стапките за наплата на Данок на имот...........................................16

21.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за наплата на комунални такси за фирма, односно назив на деловна просторија.................................. 17

22.ОДЛУКА за наплата на комунални такси за фирма, односно назив на деловна просторија.........18

23.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за наплата на комунални такси за користење на простор пред деловни објекти за вршење на дејност.......................18

24.ОДЛУКА за наплата на комунални такси за користење на простор пред деловни објекти за вршење на дејност.......................19

25.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за наплата на комунални такси за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните згради..........19

26.ОДЛУКА за наплата на комунални такси за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните згради..........19

27.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за наплата на комунални такси за користење на музика во јавните локали..............20

28.ОДЛУКА за наплата на комунални такси за користење на музика во јавните локали..............20

29.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за утврдување на финансиска конструкција за купување на подароци за празникот Богојавление – Водици....................................21

30.ОДЛУКА за утврдување на финансиска конструкција за купување на подароци за празникот Богојавление – Водици.................21

31.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Трајка Наумова од с.Облешево.......21

32.ОДЛУКА за еднократна финансиска помош на Трајка Наумова од с.Облешево................22

33.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Љупчо Николов од с.Чифлик.........22

ИЗДАВА:ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

34.ОДЛУКА за еднократна финансиска помош на Љупчо Николов од с.Чифлик....................23

35.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за утврдување на критериуми за распределба на средствата од Блок дотацијата за основно образование за основните училишта во општина Чешиново-Облешево за 2017 година........................................23

36.ОДЛУКА за утврдување на критериуми за распределба на средствата од Блок дотацијата за основно образование за основните училишта во општина Чешиново-Облешево за 2017 година.............24

37.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за сопствено учество во реализација на проектот „Изградба на спомен обележје на местото на загинување на Никола Карев – Свиланово".......25

38.ОДЛУКА за сопствено учество во реализација на проектот „Изградба на спомен обележје на местото на загинување на Никола Карев – Свиланово"......................26

39.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за благајнички максимум за 2017 година........................................26

40.ОДЛУКА за благајнички максимум за 2017 година.................26

41.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2017 година........................................27

42.ОДЛУКА за извршување на Буџетот на Општината Чешиново - Облешевоза 2017 година...................27

43.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Буџетскиот календар за 2017 година.............................30

44.БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА 2017 ГОДИНА (Активности поврзани со припремата и донесувањето на Буџетот на општина Чешиново - Облешево за 2018 година)..............................................31

45.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за утврдување на бодот за пресметување на платите на државните службеници во општина Чешиново-Облешево за 2017 година........................................32

46.ОДЛУКА за утврдување на бодот за пресметување на платите на државните службеници во општина Чешиново-Облешево за 2016 година........................................32

47.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за изработка на Урбанистички Планови ,Урбанистичко – Планска документација, и урбанистичко проектна документација за 2017 година на подрачјето на општина Чешиново-Облешево.....................33

48.ПРОГРАМА за изработка на Урбанистички Планови , Урбанистичко – Планска документација, и урбанистичко проектна документација за 2017 год.на подрачјето на општина Чешиново-Облешево.....................33

49.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за издавање на Согласност за продолжување на постапката за

издавање на Решение за утврдување на правен статус на помошна зграда ПР – зграда 1 (КП 6145 КО Соколарци)..................................37

50.ОДЛУКА за издавање на Согласност за продолжување на постапката за издавање на Решение за утврдување на правен статус на помошна зграда ПР – зграда 1 (КП 6145 КО Соколарци)......................38

51.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Чешиново-Облешево за 2017 година.............38

52.ПРОГРАМА за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Чешиново - Облешево за 2017година..................................39

53.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Проекциите на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2018 и 2019 година......................49

54.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2017 година.........................................50

55.СОДРЖИНА.....................50

ПРИЛОГ:

1.Буџет на општина Чешиново-Облешево за 2017 година

2.Проекции на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2018 и 2019 година

ИЗДАВА:ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО